РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-493/1
27-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-та седница одржана на ден 23.01.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по пријава со број 12-1764/1 од 13.06.2025 година, со наводи за сомневање за незаконско вршење на дејност за приредување на игри на среќа од страна на Друштвото за промет и услуги -------------------------, во Општина --------------, во објект кој се сомнева дека бил изграден без одобрение за градба на јавен простор во -------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај, поради тоа што по пријавените постапува друг надлежен орган, а воедно ДКСК веќе има постапено и одлучено по истите предметни наводи.

Предметот со број 12-1764/1 од 13.06.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

ДКСК постапува по предмет оформен по пријава со бр.12-1764/1 од 13.06.2025 година, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконско вршење на дејност за приредување на игри на среќа од страна на правниот субјект Друштво за промет и услуги ----------------------------, во Општина --------------, во објект кој се сомнева дека бил изграден без одобрение за градба на јавен простор во -----------------, на КП.бр.---------- и КП.бр.------------ КО ----------------.
Подносителот на пријавата наведува дека горенаведениот правен субјект ја вршел дејноста за приредување на игри на среќа во објект кој е без одобрение за градба и истиот бил поставен во јавна површина - тротоар на пазарот -------------- во -------------. Според подносителот, за предметниот случај биле виновни и градоначалникот на Општина --------, лицето -----------------, градежен инспектор во Општина ------------- и лицето ---------------------,

градежен инспектор во Општина -----------------, кои дозволиле да се случат горенаведените незаконитости.

Со цел утврдување на фактичката состојба во предметот, ДКСК побара доставување на информации од Општина ----------------, Агенција за катастар на недвижности -------------, Основното јавно обвинителство -------------, Управа за јавни приходи - ----------- и Јавното обвинителство на РСМ.

На ден 11.07.2025 година, Општина -------- -Одделение за инспекциски надзор извести дека овластен градежен инспектор извршил инспекциски надзор во предметниот објект во КО ------------- и со Записник за извршен вонреден инспекциски надзор од 24.10.2018 година констатирал дека имателот на градбата ДТУ -------------, има изградено деловен објект без одобрение за градба по што било донесено Решение за отстранување на градба од 05.11.2018 година.

Согласно Барање од ОЈО ---------------- од 02.07.2025 година, овластениот градежен инспектор, извршил контролен надзор на КП ----- во КО -----------, Пазар ---------- во -----------, со цел да се утврди дали имателот на градбата постапил по решението на овластениот градежен инспектор. При контролниот надзор, Општина ----------- констатирала дека имателот на градбата, не само што не ја отстранил туку и ги зголемил габаритните димензии на деловниот објект од 8x8,5м на 12x8,5м во висина на приземје. При увидот на лице место, објектот бил заклучен и според информации добиени од управителот на правното лице, деловниот објект не работел скоро една година.

Од страна на општината известуваат дека целокупната документација за предметниот случај била доставена до ОЈО ----------------.

На ден 16.07.2025 година, Одделение за катастар на недвижности --------------, достави информација со прилог Уверение за историски преглед на извршените запишувања за КП -------- и КП ---------- КО --------------, од кои е констатирано дека, КП ---------- КО ----------- се води на име на ДПУ --------------------------------.

На ден 16.07.2025 година, Основното јавно обвинителство ----------------- извести дека по приемот на кривичната пријава за предметниот случај, било постапено и била издадена Наредба до МВР и СВР -------------- заради преземање на потребни мерки, проверки и дејствија, по што било доставено барање за доставување на потребни податоци до Градежната инспекција при Општина ------------------, а по добивањето на бараните податоци, ќе била донесена јавно обвинителска одлука.

На 01.08.2025 година, УЈП-Регионална Дирекција ----------------- ја извести ДКСК дека презела конкретни теренски проверки, при што била изготвена службена белешка од

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

29.07.2025 година во која е констатирано дека во наведениот објект не се вршат деловни активности, односно дека истиот е затворен и не се врши дејност во истиот.
ДКСК изврши проверка во интерната евиденција и утврди дека, веќе има постапено и има донесено одлука од своја надлежност по предмет со бр.12-1765/1 од 16.06.2025 година, оформен по пријава со иста фактографија на предметните наводи. Постапувајќи по овој предмет ДКСК на 23-та седница одржана на ден 13.10.2025 година донела одлука број 12-1795/5 од 15.10.2025 година со која постапката по предметот се запира, поради тоа што за конкретниот случај постапува друг надлежен орган - Основното јавно обвинителство ---------------------.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека по пријавените наводи постапува друг надлежен орган а воедно ДКСК веќе има постапено и одлучено по истите предметни наводи, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., Член на ДКСК